| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Патуваме со брод |
| **Содржина на денот** | Бродот што постојано плови |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Емилија Каровска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за важноста за пиење на вода, особено во овој период од годината кога денот е сончев и времето е потопло,како и придобивките од водата за здравјето на човекот. |
| **Активности** | Обработка на стихотворба - „Бродот што постојано плови“<br><br>Ќе поведете разговор со детето за видовите сообраќај како:(патен,железнички,воздушен и воден) . Акцент ќе се стави на водениот сообраќај и превозните средства како чамец ,глисер,брод .. Потоа ќе му предложите на детето една стихотворба ,која ќе му ја читате и рецитирате неколку пати ќе разговарате за содржината на текстот.Заедно ќе повторувате стих по стих постапно ,а потоа цела строфа.<br><br>Бродот што постојано плови<br><br>Кога е син небескиот свод,<br>најмирно пловиголемиот брод!<br>А кога се бури и немирни води –<br>капетанот е тука бродот да го води.<br><br>Спокојно оди низ морињa и океани,<br>плови по сите светски меридијани! |

| | |
|---|---|
| | колку и да брза ,секој знае –<br>патот со брод – со месеци трае!<br><br>Детско списание Росица мај. 2021год.<br><br>Потоа можете да нацртате и набоите брод, а готовите цртежи да ги изложите во домот. |